ИЗЛОЖБА

# ЖЕСТИНА КОНТРОЛИРАНА СО ПИТОМОСТ

*Кон изложбата на Димитар Манев, Музеј на современата уметност Скопје, март 2001*



Се случи изложба. Од сликите, било да се платна, било да се големи формати на насликана хартија, избиваше и сѐ уште избива енергија, движење. Експресија на моментот што останал запечатен во свеста, за потоа да се овековечи на платното. Според зборовите на сликарот, тоа е еден момент од детството, навидум безначаен, кога како мало дете се соочил со глава од крава или вол на прагот од собата. Можеби во прашање било само збунето и исплашено животинче, меѓутоа неговите физички димензии и моментот на изненадување го направиле своето. Можеби тоа што во очите на тоа мало дете сето тоа изгледало толку чудовишно и го поттикнало Манев понатаму да го претставува толку страшно, толку големо. За оние што го следат неговото сликарство, поим за Димитар Манев се разјарените бикови, раздвижени, згрчени, чиниш се наоѓаат во некоја корида. За обичните познавачи на сликарството, Манев би можел да биде копија на Пикасо, поточно на „Герника“. Но, самиот Манев коментира - „Во сликарството сѐ е досега измислено. Јас само гледам и сликам спонтано... Имам само интуиција и на овој начин реагирам.“



Димитар Манев подолго време го негува стилот на расцепкани површини и фрагментирање на мотивот. Основа на сите негови слики е цртежот, кој се состои од силно извлечени линии, сигурно поставени, полни со експресија и сила. Затоа во претходните негови слики, основното изразно средство е токму линијата. Тука колоритот е изоставен, или ако го има - тој е редуциран. Мотивот се повторува, но никогаш не е идентичен, не е идејно ослабен. Тој има своја развојна линија. Во почетокот се забележуваат целосни животински претстави, меѓусебно испреплетени, секогаш претставени во различни движења и варијации. Линеарноста и геометризацијата се присутни со тенденција да се зголемат. Со текот на времето, кај Манев, воден од силниот креативен набој што го поседува, се забележува сѐ поголемо фрагментирање на површината, истовремено и на насликаниот мотив. Со текот на времето, тој го вградува и колажот како елемент на експресија. Почнува да работи со нов момент, а тоа е играта со колоритот и текстурата. Тоа може да се забележи на неговата последна изложба. Понесен од нагонот да оди понатаму, Манев истражува и игра со различните текстури и обоени фрагменти. Исто така, полека се решава да ги пополни чистите површини со навидум случајното истурање на бојата. Па така, сега сликата, покрај тоа што во себе содржи и експресија на цртежот и потегот, вградува во себе и елементи од апстрактниот експресионизам, интуитивни но контролирани. Покрај тоа, мотивот се проширува и сега, покрај карактеристичната бикова глава, во сликата се испреплетуваат и птици стилизирани и геометризирани. Тој во сликата вградува форми што му даваат печат на автохтоност и континуитет на целото негово творештво.

Исто така, Манев се обидува и во полето на портретот и на фигурацијата. Тој изложува неколку портрети во чија изработка останува верен на ракописот што одамна го има поставено. Тој тргнува од цртежот со кој ја поставува целата приказна, а во случајот го гради ликот. Портретите се стилизирани и се чини како да се повторуваат. Се губат индивидуалните црти, но го опфаќаат психолошкиот момент, кој особено се чувствува во очите - продлабочени и потенцирани.

Покрај говорот на сликите, експресијата и енергичноста што тие ја поседуваат, варијабилноста на мотивите што сега-засега ја избегнуваат мамката да западнат во академизам, за изложбата е многу важна комуникацијата со просторот. Сликите се поставени и групирани според моментот што го обработуваат. Па така, ако на една страна ги забележувате сликите со птици и бикови, на друга страна се оние што ја обработуваат човечката фигура или портрет, а на трета страна се серијата слики во кои животинските претстави се идентично претставени со варирање на колоритот, текстурата или колажните парчиња, па за секој посетител, изложбата нуди појасен и попродлабочен увид во развојниот пат на неговата мисла.

Манев успева да им остане имун на новите трендови, цврсто држејќи се до својот ракопис, кој може да се сретне и кај други сликари како еден вид инфлуенција, а не како автохтоност. Можеби тоа го прави успешен зашто успева да се наметне на македонската ликовна сцена како стилски независен и самостоен сликар што, според мене, е доблест што ја поседуваат уметниците.

Нада ПЕШЕВА